ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година

Скопје, декември 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), а во врска со член 7 став 3 од Законот за културата (Службен весник на Република Македонија бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25) Советот на Град Скопје на __ - та седница, оддржана на __.__.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година

## I. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во текот на 2026 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата. Со оваа Програма е опфатено финансирањето и работата на јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, како и реализација на проекти што ќе бидат реализирани од страна на други физички и правни лица од областа на културата кои што делуваат на подрачјето на град Скопје во областа на културата, а кои ќе бидат избрани по пат на јавни повици или постапка за јавни набавки.

Град Скопје во рамките на своите надлежности во областа на културата согласно Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), посебните закони од областа на културата: Закон за музеите („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 и 03/25), Закон за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 122/21 и 160/25), Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр 32/05,120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11) има право да:

- Дава институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Град Скопје;
- Врши негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- Организира манифестации од областа на културата, поттикнува разновидни специфични форми на творештво и

- Одбележува настани и личности од значење за градот Скопје.

## II. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за финансирање на активностите од областа на културата од интерес на Градот Скопје за 2026 година, е да го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања на граѓаните на град Скопје, промоцијата на културното наследство, работата на јавните установи во надлежност на Град Скопје и други активности во рамките на законските овластувања. Преку оваа програма градот ќе се стреми да ја зголеми достапноста до културните содржини за сите граѓани, поттикнување на активности кои промовираат современа уметност, музика, театар, литература и други форми на културен израз, вклучувајќи ја притоа целата заедница. Реализирајќи ги активностите од оваа програма, Град Скопје ќе се позиционира како културен центар, кој ќе ги инспирира и привлекува уметниците, туристите и културните ентузијасти, а сето тоа ќе овозможи побрз развој на креативните индустрии (дизајн, филм, музика, дигитални уметности) кој претставуваат двигател на економијата.

Една од стратешките цели на оваа програма е и реализацијата на активностите поврани со Европска Престолнина на културата 2028, со цел кај граѓаните да се подигне свеста за значењето на оваа престижна титула, со која градот може да го забрза својот економски, социјален и воопшто урбан развој.

Програмата за финансирање на Јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 е важен механизам кој ќе овозможи градење динамична културна сцена која ќе ја одразува енергијата на метрополата и ќе ја зајакне нејзината глобална културна репутација.

## III. **ФИНАСИРАЊЕ**

Финансирањето на локалниот интерес во културата во град Скопје, во **вкупен износ од 385.770.700 денари**, се врши од следниве извори:

<u>А). Буџетот на Град Скопје во износ од **135.931.000 денари**</u>

1. Платите, придонесите, трансферите за пензионирање и парична помош, средства за К-15 на вработените во установите за 2025 година – **9.501.000 денари** Програма К2 - музичко сценска и ликовна дејност 4.701.000 денари и Програма К3 - музејска дејност 4.800.000 денари.
2. Исплата на членови на Управни и надзорни одбори во културните институции – **4.480.000 денари**, распределени по Програма К1 – 562.000 денари, Програма К2 – 2.797.000 денари и Програма К3 – 1.121.000 денари.
3. Програмски активности (манифестации, творештво, фестивали и проекти од областа на културата како дел од програмските активности што ќе се реализираат од страна на јавните установите од областа на културата, чиј основач е Град Скопје, но и програми чие остварување ќе биде во надлежност на Секторот за јавни дејности - Одделение за култура, а ќе се реализираат согласно со

одредбите од Законот за јавни набавки, како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје) во висина од **102.950.000 денари** се распределени на следниот начин и тоа:

| ИМЕ НА УСТАНОВА | АКТИВНОСТ | ПРОГРАМА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| ЈУ Младински културен центар **6.400.000 ден.** | Бела ноќ | К4 464 | 200.000 |
| | Фестивал на светлината | К4 464 | 200.000 |
| | Литературна програма | К4 464 | 300.000 |
| | Визуелни уметности | К4 464 | 500.000 |
| | „Млад отворен театар 2026“ | К4 464 | 1.500.000 |
| | Филмска програма | К4 464 | 700.000 |
| | Ансамбли на МКЦ | К4 464 | 2.400.000 |
| | Музичка програма | К4 464 | 500.000 |
| | Ликовни работилници во Детски креативен центар при МКЦ | К4 464 | 100.000 |
| ЈУ Културно информативен центар **4.500.000 ден.** | Фестивал „Звукот на Скопје“ | К4 464 | 1.000.000 |
| | Концерти од музичка дејност | К4 464 | 550.000 |
| | Македонски книжевни текови | К4 464 | 200.000 |
| | Одбележување на „13 Ноември“ | К4 464 | 1.400.000 |
| | Визуелни уметности | К4 464 | 900.000 |
| | Драмски претстави | К4 464 | 350.000 |
| | Ден на пијаното | К4 464 | 100.000 |
| ЈУ Музеј на град Скопје **2.000.000 ден.** | Визуелни уметности | К4 464 | 300.000 |
| | Финансирање на проекти од обласна на музејската дејност | К4 464 | 1.000.000 |
| | Меѓународни гостувања | К4 464 | 400.000 |
| | „26 Јули“ - Денот на катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година | К4 464 | 300.000 |
| ЈУ Универзална сала **200.000 ден.** | „Бела ноќ 2026“ | К4 464 | 100.000 |
| | Фестивал на светлината | К4 464 | 100.000 |
| ЈУ Детски културен центар „Карпош“ **2.800.000 ден.** | Фестивал на детски мјузикли | К4 464 | 300.000 |
| | „Оро без граници“ | К4 464 | 200.000 |
| | Меѓународен натпревар по класична гитара „Тремоло 2026“ | К4 464 | 700.000 |
| | Инструментите на моите предци | К4 464 | 250.000 |
| | ЗОО приказни | К4 464 | 250.000 |
| | Фестивал на класичен балет и модерен танц | К4 464 | 300.000 |
| | Фестивал на детската креативност „Трамболини“ | К4 464 | 250.000 |
| | Работилници за креативно менторство | К4 464 | 200.000 |
| | „Априлијада“ | К4 464 | 150.000 |
| | „Ритамот на чаршијата“ (звукот на чаршијата) | К4 464 | 200.000 |
| ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“ **1.000.000 ден.** | Ден на албанската азбука | К4 464 | 200.000 |
| | Манифестација „Денови“ | К4 464 | 200.000 |
| | Мултикултурни фолклорни средби | К4 464 | 200.000 |
| | Литературна програма | К4 464 | 150.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Визуелни уметности | К4 464 | 250.000 |
| ЈУ Градска  библиотека „Браќа Миладиновци“ **2.700.000 ден.** | Набавка на книжен фонд | К4 464 | 1.400.000 |
| | Програмски активности | К4 464 | 500.000 |
| | Меѓународна програма | К4 464 | 300.000 |
| | Издавачка дејност | К4 464 | 500.000 |
| ЈУ Зоолошка градина на град Скопје **400.000 ден**. | Јубилеј – 100 години Зоолошка градина Скопје | К4 464 | 400.000 |
| ЈУ „Универзална сала“ | Тековно одржување | К2 464 | 200.000 |
| ГРАД СКОПЈЕ | Нова година - прослава | К4 464 | 8.000.000 |
| | Програми и проекти по распишан Јавен повик за 2026 година | К4 425 | 1.500.000 |
| | | К4 463 | 1.500.000 |
| | | К4 464 | 1.500.000 |
| | Одржување на детски едукативни просторни инсталации во сопственост на Град Скопје | Ј0 424 | 250.000 |
| | Фестивал на креативни индустрии „Скопје креатива“ | К4 464 | 500.000 |
| | Договорни услуги - Авторски хонорари | К4 425 | 100.000 |
| | Скопје Европска престолнина на културата 2028 | К4 464 | 66.000.000 |
| | Работа и дејност на Градското кино „Милениум“ | К4 421 | 1.200.000 |
| | | К4 424 | 2.200.000 |
| | | **В К У П Н О** | **102.950.000** |

4. За реализирање на функцијата и дејноста на јавните установи од областа на културата, преку Буџетот на Град Скопје за 2026 година рапределена во програмите К1, К2 и К3 се издвојуваат средства во висина од **10.000.000** денари. Со овие финансиски средства, ќе се оствари подмирување на тековно - оперативните расходи на установите (парно греење, електрична енергија, вода, трошоци за комуникација, транспорт и друго) и тоа:

| **ИМЕ НА УСТАНОВА** | **ПРОГРАМА** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|
| ЈУ Библиотека „Браќа Миладиновци“ | К1 421 | 3.500.000 |
| ЈУ Младински културен центар | К2 421 | 1.500.000 |
| ЈУ Културно информативен центар | К2 421 | 400.000 |
| ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ | К2 421 | 300.000 |
| ЈУ ДКЦ „Карпош“ | К2 421 | 300.000 |
| ЈУ Музеј на град Скопје | К3 421 | 1.300.000 |
| ЈУ Зоолошка Градина | К3 421 | 1.700.000 |
| | К3 423 | 1.000.000 |
| **СЕ ВКУПНО** | | **10.000.000** |

***5.*** Капитални расходи (капиталните инвестиции на Град Скопје во културата, градежни и инфраструктурни активности и набавка на опрема во јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, но и капитални инвестиции во културата чие што остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура при Секторот за јавни дејности, а ќе се реализираат согласно одредбите од Законот за јавните набавки како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.) - **9.000.000 денари** се распределени на следниот начин и тоа:

**Програма КАА–Капитални инвестиции**

| Програма | Име и опис на проектот | Износ |
|---|---|---|
| КАА 480 | Набавка на опрема во МКЦ | 100.000 |
| КАА 480 | Проект: Кале урбана опрема | 6.100.000 |
| КАА 481 | Проект за кино Милениум | 1.800.000 |
| КАА 481 | Реконструкција во МКЦ | 200.000 |
| КАА 483 | Набавка на мебел МКЦ | 800.000 |
| **В К У П Н О** | | **9.000.000** |

<u>Б). Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на Град Скопје во износ од **245.987.000 денари**</u>

1. Платите, придонесите, трансферите за пензионирање и парична помош, средства за К-15 на вработените во установите за 2026 година – **234.100.000 денари**

   Програма К1- библиотечна дејност - 63.591.000 денари, Програма К2 - музичко сценска и ликовна дејност - 88.025.000 денари и Програма К3 - музејска дејност - 82.484.000 денари.

2. Тековно - оперативните расходи на установите - **11.887.000 денари** се распределени на следниот начин и тоа:

| ИМЕ НА УСТАНОВА | ПРОГРАМА | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ЈУ Библиотека „Браќа Миладиновци“ | К1 | 2.337.000 |
| ЈУ Младински културен центар | К2 | 2.350.000 |
| ЈУ Културно информативен центар | К2 | 1.000.000 |
| ЈУ Универзална сала Скопје | К2 | 300.000 |
| ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ | К2 | 900.000 |
| ЈУ ДКЦ „Карпош“ | К2 | 1.000.000 |
| ЈУ Музеј на град Скопје | К3 | 1.500.000 |
| ЈУ Зоолошка Градина | К3 | 2.500.000 |

| СЕ ВКУПНО | | 11.887.000 |
|---|---|---|

В). Донаторска сметка 785 преку проектот КреАрт во износ од **3.852.700 денари**, се распределени на следниов начин:

| ИМЕ НА УСТАНОВА | АКТИВНОСТ | ВКУПНО |
|---|---|---|
| ЈУ Младински културен центар | Годишен уметнички фестивал | 549.000 |
| | „Cre Art Artists во јавниот простор“ | 1.224.000 |
| ЈУ Културно информативен центар | Artist in Residence – Уметник во престој | 299.000 |
| | Европски месец на креативноста | 455.700 |
| ЈУ Детски културен центар Карпош | Локален семинар | 250.000 |
| Град Скопје | Меѓународна конференција Изведбени уметности со специфичен фокус на танц и видео танц | 1.075.000 |
| **В К У П Н О** | | **3.852.700** |

## IV. Завршни одредби

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма, преку Секторот за јавни дејности, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.

Секторот за јавни дејности – Одделението за култура ја изготвува оваа Програма и го следи нејзиното спроведување.

Комисијата за култура на Советот на Град Скопје дава иницијативи и мислења во врска со оваа Програма.

За утврдената годишна програма и за финансиските средства за нејзина реализација, Град Скопје и носителите на проектите - корисници на средства од Буџетот на Град Скопје за 2026 година склучуваат договори.

По реализацијата на Програмата за финансирање на јавните установи и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година, се задолжува Секторот за јавни дејности да достави Извештај за реализирани активности од програмата за 2026 година до Советот на Град Скопје.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски,
_________________

Број __________
___________2025 година

Скопје

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 36, став 1, од Законот за локалната самоуправа, („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 став 3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25) и член 10 став 1 точка 5 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје носи Програма за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година.

Предмет на оваа Програма се активностите што ќе се реализираат во текот на 2026 година, а преку кои што ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во областа на културата и ќе се дефинира локалниот интерес во културата. Со оваа Програма е опфатено финансирањето и работата на јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, како и реализација на проекти што ќе бидат реализирани од страна на други физички и правни лица од областа на културата кои што делуваат на подрачјето на Град Скопје во областа на културата, а кои ќе бидат избрани по пат на јавни повици или постапка за јавни набавки.

Град Скопје во рамките на своите надлежности во областа на културата согласно Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), посебните закони од областа на културата: Закон за музеите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/21 и 03/25), Закон за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21 и 160/25), Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр 32/05,120/05 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11) има надлежност да: дава институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Град Скопје; да врши негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; да организира манифестации од областа на културата, поттикнува разновидни специфични форми на творештво и да одбележува настани и личности од значење за општината.

Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Градот Скопје за 2026 година има цел да го дефинира локалниот интерес во културата преку поддршка на современи и нови форми на делување во областа на културата и уметноста, поддршка на веќе потврдените вредности во културата и уметноста, поддршка и поттикнување на различните форми на традиционални изразувања на граѓаните на град Скопје, промоција на културното наследство, работата на јавните установи во надлежност на Град Скопје и други активности во рамките на законските овластувања.

Градот Скопје ќе го остварува локалниот интерес во културата во текот на 2026 година и преку обезбедување на институционална и логистичка поддршка на активностите кои поттикнуваат меѓународна и меѓуопштинска соработка во областа на културата со разни меѓународни и домашни субјекти од областа на културата, локални самоуправи, национални управни тела и други сродни организации.

Исто така, може да го остварува локалниот интерес во културата во 2026 година и преку обезбедување на логистичка и институционална поддршка на проекти и активности на други чинители од областа на културата кои не се финансирани преку Буџетот на Град Скопје за 2026 година, доколку се утврди дека се од посебен интерес и значење за градот Скопје.

Со програмата за поддршка на културата опфатено е финасирањето на 8-те јавни установи од областа на културата чиј што основач е Градот Скопје: ЈУ Младински културен центар, ЈУ Зоолошка градина, ЈУ „Универзална сала“, ЈУ Музеј на град Скопје, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, ЈУ Дом на културата „Кочо Рацин“, ЈУ Детски културен центар „Карпош“ и ЈУ Културно информативен центар.

Во оваа програма влегуваат активности, манифестации, творештво, фестивали и проекти од областа на културата како дел од програмските активности што ќе се реализираат од страна на јавните установите од областа на културата, чиј основач е Град Скопје, но и програми чие остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура, Сектор за јавни дејности, а ќе се реализираат од страна на други чинители.

Преку програмската реализација на европскиот проект CreArt 3.0, Град Скопје внесува иницијативи во културниот живот во Скопје во полето на визуелните уметности преку воспоствување на нови меѓународни партнерства и размени, а истовремено им овозможува учество на уметниците и кураторите од Скопје во програмските активности, да креираат, изложуваат и да уживаат во уметничките дела, како и да добијат пристап до обуки преку семинари, резиденции на уметници, работилници и истражувачки програми кои се оддржуваат во јавни и приватни културни институции во градовите - партнери во проектот.

Со оваа Програма ќе се реализираат и остварат и капиталните инвестиции на Град Скопје во културата, градежни и инфраструктурни активности и набавка на опрема во јавните установи од областа на културата чиј основач е Град Скопје, но и капитални инвестиции во културата чие што остварување ќе биде во надлежност на Одделението за култура при Секторот за јавни дејности, а ќе се реализираат од страна на економски оператори избрани со соодветна постапка.

Врз основа на горенаведеното се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје за 2026 година.